# ЗАКОН

# ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ МЕЃУНАРОДНИОТ ФОНД ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ИФАД, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ФИНАНСИСКИ СЛУГИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

## Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународниот фонд за развој на земјоделството, ИФАД, со кредит во износ од 6,2 милиони Специјални права на влечење ( 8.044.000,00 САД долари), за реализација на Проектот за финансиски услуги во земјоделството.

## Член 2

Од името на Република Македонија договорот од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

## Член 3

Рокот на отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 40 години вклучувајќи грејс период од десет години. Кредитот се отплатува во 59 еднакви полугодишни рати во износ од 103.334,00 Специјални права за влечење кои пристигнуваат за плаќање на 1 март и 1 септември секоја година почнувајќи од 1 март 2011 година, заклучно со 1 март 2040 и една рата во износ од 103.294,00 Специјални права за влечење која ќе пристигне на 1 септември 2040 година.

Кредитот е без камата, а на неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија во износ од три четвртини од еден процент годишно.

Провизијата од ставот 2 на овој член ќе се плаќа полугодишно на 1 март и 1 септември секоја година.

## Член 4

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплатува со средства од Буџетот на Република Македонија, кои ќе се формираат со отплата на кредитот од страна на крајните корисници.

## Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".